Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИНДИВИДУАЛНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКА НА СЕКОЈ ИНСПЕКТОР ЗА 2О24 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Арх. Бр. | 04- 1095/1<br>09-11-2023 | м-р Јане Станкоски |
| Датум: | 31.10.2023 година | В.Д Директор, Државен инспекторат за земјоделство |
| Место: | Скопје (м.п.) | |

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 2
ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА ..... 2
ОБЛАСТИ И ТЕМИ ЗА ОБУКА ..... 3
ПРИЧИНИ ЗА ПРЕДВИДЕНИТЕ ОБУКИ ..... 6
ФИНАНСИРАЊЕ ..... 6
НАЧИН И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ОБУКА ..... 6
ПРИЛОГ КОН ПЛАНОТ ..... 9

# ВОВЕД

Во согласност со член 50, став (1) од *Законот за инспекциски надзор* („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/2019) и член 10, став (2) од *Закон за државниот инспекторат за земјоделство* („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15, 88/15, 149/15, 39/16, 172/16 и 83/18), директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, донесе *Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година.*

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор и Закон за државниот инспекторат за земјоделство е *воспоставен целосно нов систем за развој и управување* со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво.

Ваквиот систем ја препознава *важноста на обуката* во развојот на професионални и компетентни инспектори, кои претставуваат една од основните алки во успешното спроведување на законските и подзаконските акти во државата осебно од областа на земјоделството.

Постапувајќи по горенаведените закони инспекторите имаат право и должност континуирано, професионално и стручно да се усовршуваат и обучуваат, во согласност со потребите на Инспекторатот и тоа преку обука со генерички и специјализирани обуки.

Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година е изготвена од страна на Инспекциски совет (член 49 став 3) од Законот за инспекциски надзор), со арх. број 02-633/1 од 15.06.2023 година и врз напатствијата дадени во истата, Инспекторатот изготви *Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година*.

Во *Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година* година е воведена нова тема: **Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор, Е-инспектор,** неопходна за подобрување на професионалните и стручните компетенции на инспекторите за користење на електронскиот систем Е-инспектор.

Специјализираните обуки за инспектори и средствата за нивна реализација, ги обезбедува инспекциската служба - *Државниот инспекторат за земјоделство.*

Со Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година се опишува областите и темите за обуките, целите кои треба да се постигнат, целните групи на учесниците, изворите на финансирање на обуките, како и начинот и времетраењето на реализацијата на обуките.

# ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА

Главната цел на овој *Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секојинспектор за 2024 година*, е надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите, во функција на постигнување на високи перформанси и нивен понатамошен професионален развој.

Општи цели вклучуваат:

- Развивање и стекнување знаења за новитетите во законска рамка за инспекциски надзор,
- Унапредување на вештините за професионално однесување при извршување на инспекцискиот надзор,
- Изградба на личниот интегритетна инспекторите,

- Посебни (специфични) цели вклучуваат:

- Запознавање со законската рамка за инспекциски надзор
- Унапредување на вештините за професионално однесување,
- Изградба на личниот интегритет на инспекторите
- Подобрување на вештините поврзани со инспекцискиот надзор преку практични искуства.
- Подобрување на квалитетот на актите кои ги донесуваат инспекторите,
- Подобрување на антикорупциско однесување на инспекторите,
- Дигитализација на инспекциската постапка,
- Целосна контрола во имплементирањето на материјалните законите во практиката доверени во надлежност на соодветните инспектори, применувајќи при тоа соодветни процедури пропишани со пропратните прописи наведени во програмата.

Со реализација *на Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор,* ќе се обезбеди, инспекторите да се стекнат со <u>нови и современи знаења и вештини, кои се од суштествено значење за нивната работа и значително ќе придонесат за подобрување на меѓусебната соработка и комуникација.</u>

Целна група

Според делокругот на работа на Државниот инспекторат за земјоделство, учесници на обуките ќе бидат:

- Државните инспектори за земјоделство и
- Државните фитосанитарни инспектори.

## ОБЛАСТИ И ТЕМИ ЗА ОБУКА

*Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор,* опфаќа **генерички** и **специјализирани** обуки се со цел стекнување општи знаења и вештини како и знаења согласно делокругот на надлежности што се утврдени со одредбите на материјалните закони по кои постапуваат *државни инспектори за земјоделство* и *државни фитосанитарни инспектори.*

Во согласност со член 50, став (1) и (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/2019), како и Заклучокот од 312 –та седница на Инспекцискиот совет, во *Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година* Државниот инспекторат за земјодееелство вклучи <u>најмалку **(3) три** **генерички обуки** од Годишната програма за генерички обуки на инспекторите</u> за 2024 година изготвена од страна на Инспекциски совет и **(2) две специјализани обуки** и тоа за секој сектор различни согласно потребите на секторот.

Во Табелите подолу се прикажани темите за полагање а понудените *генерички* како и *специјализирани* обуки за секој сектор одделно, *предвидениот број на часови* како и *број на инспектори* кои ќе ја посетат обуката и тоа:

| **СЕКТОР** | Генерички обуки за 2024 | Специјализирани обуки 2024 | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| | **Предвиден број на часови/вежби** | **Предвиден број на часови/вежби** | |
| Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство | **18** | **12** | **30** |
| Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органското производство, тутун и тутунските производи и квалитет на земјоделски производи | **18** | **12** | **30** |
| Секторот за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларство, земјишната политика со поледелско производство | **18** | **12** | **30** |
| Сектор за фитосанитарна политика | **18** | **30** | **48** |
| **ВКУПНО ДИЗ** | **72** | **66** | **138** |

| | Генерички обуки за 2024 | | | | | | Специјализирани обуки 2024 | | | | Вкупен број на часови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СЕКТОР** | **ТЕМА** | **Предвиден број на часови/вежби** | **ТЕМА** | **Предвиден број на часови/вежби** | **ТЕМА** | **Предвиден број на часови/вежби** | **ТЕМА** | **Предвиден број на часови/вежби** | **ТЕМА** | **Предвиден број на часови/вежби** | |
| Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство | 1.3 Одговорност и санкции, постапки (Закон за прекршоци)- 20 инспектори | 6 | 1.14 Систем на интегритет во инспекциските служби - 20 инспектори | 6 | 1.15 Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор ( Е- инспектор) - 20 инспектори | 6 | 1.10 (Закон за виното) – 20 инспектори | 6 | 1.11 (Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија) 20 инспектори | 6 | 30 |
| Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органското производство, тутун и тутунските производи и квалитет на земјоделски производи | 1.13 Спречување на корупција -28 инспектори | 6 | 1.14 Систем на интегритет во инспекциските служби - 28 инспектори | 6 | 1.15 Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор ( Е- инспектор) - 28 инспектори | 6 | 1.2 (Закон за квалитетот на земјоделските производи) - 28 инспектори | 6 | 1.3 (Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи) 28 инспектори | 6 | 30 |
| Секторот за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларство, земјишната политика со поледелско производство | 1.4 Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки -20 инспектори | 6 | 1.13 Спречување на корупција -20 инспектори | 6 | 1.15 Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор ( Е- инспектор) - 20 инспектори | 6 | 1.5 (Закон за земјоделско земјиште)- 20 инспектори | 6 | 1.6 (Закон за рибарство и аквакултура) 20 инспектори | 6 | 30 |
| Сектор за фитосанитарна политика | 1.6 Компјутерска обработка на текст - 46 инспектори | 6 | 1.7 Компјутерска обработка и табеларни пресметки - 46 инспектори | 6 | 1.15 Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор ( Е- инспектор) - 46 инспектори | 6 | 1.13 (Закон за фитофармација) - 46 инспектори | 12 | 1.14 Закон за здравје на растенијата - - 46 инспектори | 18 | 48 |
| **ВКУПНО ГЕНЕРИЧКИ И СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ - ДИЗ** | | **24** | | **24** | | **24** | | **30** | | **36** | **138** |

## ПРИЧИНИ ЗА ПРЕДВИДЕНИТЕ ОБУКИ

Со Законот за инспекциски надзор и Законот за Државниот инспекторат за земјоделство е утврдено дека Инспекцискиот совет и инспекциската служба ќе „воспоставува и одржува систем за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби ....“, а последователно ќе се донесува „Годишна програма за генерички обуки на инспекторите“ и „*Годишниот план за за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор*“.

Главната причина за обучување на инспекторите е потребата од зајакнување на капацитетите на државната администрација за доследно спроведување на законските прописи во Република Северна Македонија, како еден од клучните предуслови во евроинтегративните процеси на државата.

Предвидените области и теми за обука на инспекторите се резултат на извршена анализа за потребите на генерални и стручни усовршувања и обуки, со која се идентификувани најрелевантните и потребни теми за обука, Но и најефикасните методи за спроведување на обуките за инспекциската служба.

Стратешки основи на обуките е заради вршење на организирани, ефикасни, квалитетни, функционални инспекциски надзори од соодветната областа на делување на територијата на Република Северна Македонија, стручно оспособување и усовршување на своите вработени, зајакнување на владеењето на правото и организираниот криминал.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на спроведувањето на Годишниот план за за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година, ќе се организира со средства од Буџетот на Република Северна Македонија, наменски предвидени и распределени во буџетот на Државниот инспекторат за земјоделство, како и други извори вклучувајќи донации од меѓународни институции, кои тековно ќе бидат обезбедени.

Финансирањето на спроведувањето на *Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година*, ќе се организира со средства од Буџетот на Инспекцискиот совет.

Реализацијата на Годишната програма за *генерички* обуки која би се спроведувала електронски ќе ја организира и спроведува *Инспекцискиот совет* и се планира целосно да се реализира со користење на новата електронска платформа за учење (ЛМС) системот зашто средства за неговото функционирање ги обезбедува Инспекцискиот совет. Доколку е потребно Инспекцискиот совет ќе ангажира обучувачи за спроведување на сесиите „во живо“.

## НАЧИН И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ОБУКА

Во зависност од здравствените и епидемиолошки услови, Годишната програма ќе се рализира на **класичен** начин во училница или со користење на **електронска платформа** за учење, која овозможува два начини за **on-line** учење:

- во „живо“ и
- преку самостојно учење.

Планот за обука ќе го реализираат односно обуките ќе бидат изведувани од **административни службеници**, вклучувајќи *искусни инспектори*, како и од **надворешни стручни лица**, кои треба да поседуваат соодветно искуство и знаење за темата/модулот.

Обучувачите треба да поседуваат професионални квалитети во смисла на *репертоар на методи и техники на обука, да бидат организирани и системични, да умеат да ги користат техничките средства кои се потребни, со силни вештини на комуникација, емпатија, толеранција, почитување на различности и да поседуваат знаења и вештини за користење на електронската платформа*.

## Големина на групата

### Генерички обуки

Програмската обука ќе се реализира на **класичниот** начин во училница преку организирање на групи од минимум 20 максимум 25 инспектори

Во случај на **он-лајн обука во живо** или **самостојно** учење преку електронскиот систем,бројот на учесници практично е неограничен. Обуките кои ќе бидат организирани преку електронска платформа во „живо", ќе бидат организирани во групи од максимален број на инспектори, додека при **самостојно учење** нема ограничување на бројот на учесници.

Доколку бројот на заинтересирани инспектори за одредена тема е поголем од , тогаш останатите инспектори ќе имаат можност, во предвидените термини, самостојно да ја завршат обуката.

Заради рамноправен пристап до обуките на сите испекциски служби, врз основа на пропорционалност Инспекцискиот совет ќе определи број на инспектори кои ќе можат да следат обука „во живо".Од нив ќе се очекува преку дополнителна дисеминација, да ги споделат знаењата со колегите кои обуката ја следеле преку самостојно учење.

Двата начини ќе бидат комбинирано употребени за реализација на секоја од темите предвидени во Планот. При тоа, за секоја тема ќе бидат организирани по две on-line „во живо" обуки..

### Специјализирани обуки

Директор на Државниот инспекторат за земјоделство, создава услови да се спроведе специјализираната обука доколку е потребно и врши надзор над нејзината имплементација; номинира обучувачи од редот на вработените (искусни инспектори); по потреба ангажира предавачи надвор од инспекторатот и идентификува можните извори на финансирање, неопходни за да се имплементира обуката.

Обучувачот, изготвува материјал за обука; ги идентификува целните групи (почетници и инспектори на кои им е потребно обновување на знаењата) го организира процесот на обука; изработува план за обука и врши мониторинг на нивната имплементација; спроведува редовни анализи на потребите од обука; обезбедува соодветна литература за целите на обуката.

За пренесување на знаењето се користат слајдови (MS PowerPoint™) и соодветни прирачници. За вежбите се користат однапред подготвени прашалници – квизови, а за коментарите на работата на учесникот се користи флипчарт (flipchart) табла.

Во случај на **онлајн** изведба, важи истиот пристап на обучувачот, но, може и треба да се користат сите технички алатки кои ги нуди електронскиот систем за обука.

Обучувачот треба да користи комбинација од прашања за да ја отвори дискусијата и да го провери разбирањето на материјата која се изучува. Обучувачот треба да има доволно знаење за темите, за да ја насочи дискусијата и да ја доведе до главните резултати на учењето. Обучувачот треба да ги охрабрува учесниците да поставуваат прашања во текот на обуката. Обучувачот треба да има познавања и искуство во развој на обука и стилови на учење на возрасни.

## Времетраење

Времетраењето на обуките кои ќе бидат организирани **електронски** преку самостојно учење ќе зависат од индивидуалното темпо на секој учесник. Кај ваквиот начин на обуки ќе биде определено само почетното и крајното време, односно периодот во кој таквата обука ќе биде достапна на електронската платформа, според временскиот распоред прикажан во табелата подолу.

Вкупното времетраење за спроведување на Годишната обука за специјализираните обуки се проценува на 11 работни денови односно 66 часа, пооделно, поделени во групи посебно за *инспекторите за земјоделство* и посебно за *фитосанитарните инспектори*.

Во зависност од начинот на изведување на **специјализираните** обуки (училница или онлајн), времето за изведба на обуката ќе биде различно, бидејќи времетраењето на еден час е различно.

Во случај на **традиционална** изведба во училница, сите 6 часови се одржуваат во текот на еден ден. Имено, во **училница**, еден час трае 45 минути.

## Оценување на успешност

Оценувањето на успешноста во следењето на обуката ќе се обезбедува од завршни тестови (квизови), а за успешно завршена обука ќе се смета доколку инспекторот точно одговори на **најмалку две третини** од поставените прашања во тестот (квизот).

## План за обука

Секоја Тема од Годишниот план, ќе биде детално разработена со План за обука, кој ќе содржи:

- Назив на темата и вкупен број на часови
- Конкретни цели на темата
- Дидактички материјали
- Методи на обучување и активности за учење
- Активности на инспекторот
- Активности на обучувачот

## Методи и техники

Во текот на обуката ќе се употребуваат следниве методи и техники:

- Дискусија и разговор
- Номинално – групна работа
- Интернет пребарувања
- Power point презентации
- Други софистицирани техники
  *Материјалите ќе бидат дистрибуирани по електронска пошта.*

## Документирање

Документирањето на обуката се однесува на обезбедувањето на податоци, вклучувајќи:

- листа на присуство на учесниците на обуката (во случај на обука во училница,учесниците треба да се потпишат);
- пополнети прашалници за оценувањена обуката (во случај на обука во училница) или аналитички извештај од електронскиот систем за обука (во случај на онлајн обука);
- Извештај за обуката (подготвен од обучувачот, независно од начинот на изведба);
- примерок од сите користени материјали и документи за обуката (во електронска и печатена форма).

Документирањето е со цел да се создаде база на податоци за менаџментот на Државниот инспекторат за земјоделство и истите ќе се користат како ***индикатор за мерење на успешноста*** на реализираната обука, како и ***насоки за анализа за потребите од обуки*** за инспекторите со спроведување на самоанализа на нивните индивидуални потреби за обука.

Државниот инспектор ќе се смета дека успешно ја завршил програмата и планот, врз основа на сумарните податоците и информациите за степенот на реализација, а во согласност со пропишаните критериуми на оценување за успешност на инспекторите и тоа: **над 95% - 15 бодови**, **75-95% -10 бодови**, **50-75%- 5 бодови** и помалку од **50%- 0 бодови**.

## ПРИЛОГ КОН ПЛАНОТ

Во Табела бр. 1 на прегледен начин е прикажана содржината на Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година, времетраењето на темите, начинот на нивна реализација и временскиот распоред за нивно реализирање.

Табела 1. - Табеларен приказ на обуките

| Тема број | Тема | Целна група *(број на учесници)* | | Времетраење (час/ден) | Начин на реализација | | Проценети Финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | земјоделски | фитосанитарни | | on-line учење во „живо“ | on-line самостојно учење ЛМС/zoom платформа | Буџет на органот | Други извори |
| **Специјализирани обуки на инспекторите** | | | | | | | | |
| 1 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби (1.2 *Закон за квалитетот на земјоделските производи*) | 28 | | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 2 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби 1.3 (Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи) | 28 | | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 3 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби 1.5 (Закон за земјоделско земјиште) | 20 | | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 4 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби 1.6 (Закон за рибарство и аквакултура) | 20 | | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 5 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни и казнени одредби 1.10 (Закон за виното) | 20 | | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 6 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби 1.11 (Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија) | 20 | | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 7 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби 1.13 (Закон за фитофармација) | | 46 | 12 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 8 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби 1.14 Закон за здравје на растенијата | | 46 | 18 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |

| Генерички обуки на инспекторите | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Тема | Целна група (број на учесници) | | Времетраење (час/ден) | Начин на реализација | | Проценети Финансиски средства | | |
| | | земјоделски | фитосанитарни | | on-line учење во „живо“ | on-line самостојно учење ЛМС/zoom платформа | Буџет на органот | Други извори |
| 1 | 1.3 Одговорност и санкции, постапки (Закон за прекршоци) | 20 | | 6 | 11-та и 12-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 2 | 1.4 Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки) | 20 | | 12 | 16-та седница | Јан/Дек | | X |
| 3 | 1.6 Компјутерска обработка на текст | | 46 | 6 | 21-ва седмица | Јан/Дек | | X |
| 4 | 1.7 Компјутерска обработка и табеларни пресметки | | 46 | 6 | 31-ма седмица | Јан/Дек | | X |
| 5 | 1.13 Спречување на корупција | 48 | | 6 | 47-та седница | Јан/Дек | | X |
| 6 | 1.14 Систем на интегритет во инспекциските служби | 48 | | 6 | 48-ма седмица | Јан/Дек | | X |
| 7 | 1.15 Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор ( Е-инспектор) | 68 | 46 | 12 | 49-та седница | Јан/Дек | | X |

*Изработил:* ***Снежана Давчевска-советникза аналитика***

**Примателі следните организациони единици во Инспекторатот:**

- Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика;
- Сектор за проекти и административна поддршка на директорот;
- Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоции
- Одделение за управување со човечки ресурси